Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-107
15.03.2021 година
В е л е с

До
Сектор / одделение за јавни набавки
Сектор /одделение за финансии
Сметководство / правни работи / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,
При спроведувањето на постапките за јавни набавки секогаш се појавуваат серија отворени прашања и дилеми, кои најчесто се разрешуваат на работилниците од областа на јавните набавки. Здружението на финансиски работници, врз основа на сопствените анализи, потребата и барањата за обука, како и потребата за меѓусебно континуирано информирање, размена на информации и зголемување на вештините од областа на јавните набавки, со задоволство Ве поканува на Online работилницата на тема:

**„ДВЕ ГОДИНИ ОД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ - НАЈЧЕСТИ ПРАШАЊА И ДИЛЕМИ ВО ДОСЕГАШНАТА ПРАКСА"**

Поради актуелната состојба со Корона вирусот Covid 19 и заштита на здравјето, намалувањето на ризиците од ширењето на вирусот и обезбедување услови за безбедно одржување на обука, работилницата ќе се одржи **On line**, со користење на платформата **ZOOM.** Работилницата ќе започне во **9.30 часот на 25.03.2021 година.** Непосредно пред почетокот на работилницата пријавените учесници ќе добијат корисничко име (user name) и лозинка (password), а пожелно е да бидат регистрирани на платформата ZOOM до 9.15 часот. Работилницата ќе заврши во 14.00 часот.

Работилницата претставува континуитет на долгогодишната традиција на Здружението на финансиските работници за одржување обуки за јавни набавки. Учесниците ќе имаат можност да дискутираат и да добијат одговори на поставените прашања за: **Интерни упатства – добра пракса за внатрешната организација на јавните набавки, Групните набавки и повеќегодишните договори; Најчестите прашања во врска со постапките за јавни набавки; Најчестите прашања за исклучоците од примена на законот за јавни набавки.**

Со задоволство го очекуваме присуството на претставници на Единиците на локалната самоуправа, Буџетски корисници, единки корисници, Јавните здравствени установи, Јавните установи, Јавни претпријатија / Јавно комунални претпријатија, Акционерски друштва и други заинтересирани страни. На работилницата се добредојдени сите кои директно или индиректно се инволвирани во јавните набавки. Обезбедениот квалитетен експерт-практичар, м-р Александар Аргировски, со своето долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, подготвените материјали и утврдените области кои се предмет на елаборирање на работилницата, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Надоместокот за учество на работилницата и добивање на материјалите по електронски пат, по учесник изнесува само 3.500 денари + 18% ДДВ, кој можете да го уплатите на име на:
**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

Во функција на подготовка за работилницата, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети **Пријави** за учество на работилницата на e-mail: zfrlsjpv@t.mk или kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/ За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или наведените e-mail адреси.
Во очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата, Ви посакуваме добро здравје.

Со почит,

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија ВЕЛЕС 2

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

З. Јанкуловски

**Прилог:** Агенда